МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

# Покана до медиумите

## Финална конференција по повод крајниот нацрт на ''Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија''

Министерството за труд и социјална политика организира Финалната конференција за комплетирање на процесот на изготвување на ''**Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија''**, која што ќе се одржи на **15 Април 2010, четврток од 10:00 до 13:30 часот, во хотел „Александар Палас" - Скопје**.

Изготвувањето на оваа стратегија е од исклучително значење за приближување на земјата кон стандардите на Европската Унија, и претставува солидна основа за понатамошните конкретни мерки и активности за социјално вклучување на најранливите категории на граѓани. Процесот на изготвување на нацрт стратегијата беше поддржан од 5 агенции на Обединетите нации: **УНДП, УНИЦЕФ, СЗО, УНФПА, и УНИФЕМ**, кои со својата техничка и експертска помош придонесоа во оформувањето на овој значаен стратешки документ.

Изготвувањето на стратегијата беше предводено од експертската група составена од еминентни академски професори, но значаен придонес имаа и релевантни владини институции и агенции, граѓански организации, како и парламентарните групи од Собранието на Република Македонија, а преку веб-страната на Министерството за труд и социјална политика, учество беше овозможено и на пошироката јавност и на сите заинтересирани поединци и групи.

Финалната конференција ќе ги обедини сите релевантни чинители и преку работни групи на секоја од дадените теми, ќе го заокружи процесот на изготвување на **''Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост"** на инклузивен и транспарентен начин.

Воведни обраќања ќе имаат Министерот за труд и социјална политика, **Џелал Бајрами**, и Постојаниот координатор на Обединетите нации, **Диадра Бојд**.

Медиумите се срдечно поканети да ја проследат конференцијата.